# О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

16 Ноември 2017 година    Гевгелија    Број 17    Година XL

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.), а во врска со член 36 став4 од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр.64/05, 04/08, 103/08, 15/09, 95/10, 180/11 и 171/12г.) и член 38 став 1 точка 4 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 15.11.2017 година, донесе

## ОДЛУКА
## За пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2017 година

### Член 1

Со оваа Одлука се врши пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2017 година, кој е објавен во "Службен гласник на општина Гевгелија" бр.16/16, 04/17,11/17 и 14/17 год., во делот на самофинансирачките активности и блок дотациите, на следниот начин:

| Потпрограма и назив на потпрограмата<br>Потставка и опис на потставката | Буџет | самофинанс. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. -Се додаваат нови потставки во потпрограмата во буџет-**самофинансисрање-787** | | | | | |
| **В10-ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| **421110 Електрична енергија** | | **167.000** | | | |
| **425420 Примарна здравствена заштита** | | **50.000** | | | |
| 2. Се намалува следната потпрограма со следната потставка во буџет-**самофинансирање-787** | | | | | |
| **В10-ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| **480140 Купување на информатичка и видео опрема** | | **217.000** | | | |
| 3. -Се додаваат нови потставки во потпрограмата во буџет-**блок дотации-930:** | | | | | |
| **Н10 СНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| **401130 Основни плати-други вработени** | | | **120.000** | | |
| **402110 Основни придонеси за ПИО** | | | **55.000** | | |
| **4.** Се намалува следната потпрограма со следната потставка во буџет-**блок дотации-930** | | | | | |
| **Н10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| **424210 Одржување на згради** | | | **175.000** | | |

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија" и е составен дел на Буџетот на општина Гевгелија за 2017 година.

Бр.09-2093/1
15.11.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07 и 156/09 год.) и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.11.2017 година, расправајќи по Предлог-Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на општина Гевгелија за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2017г. до 30.09.2017 г., го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1. **Не се усвојува** Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2017 година до 30.09.2017 година.
2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2094/1
15.11.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10г.), а во врска со член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15г.) и член 4 од Законот за јавен долг ("Службен весник на РМ" бр.62/05, 88/08, 35/11 и 139/14г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 15.11.2017г., донесе

## О Д Л У К А
### За кофинансирање на проектот за изградба на нови училници во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува кофинансирање од општина Гевгелија на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP), за изградба на нови училници во СОУ Јосиф Јосифовски-Гевгелија (надградба на западното крило на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија).

Одлуката за кофинансирање претставува дел од Одлуката за долгорочно задолжување на општина Гевгелија во рамките на проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP), за изградба на нови училници (надградба на западното крило) во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка во висина на 34.700.320,18 денари, донесена на седница на Советот на општина Гевгелија одржана на ден 15.03.2017 година, и заведена под бр.09-625/1.

**Член 2**

Дополнителното кофинансирање на овој Проект изнесува 3.659.523,оо ден. и ќе се обезбедат дополнителни средства, доколку има потреба од тоа.

Средствата се обезбедени од блок-дотацијата на Буџетот на општина Гевгелија, програма N-2-средно образование, ставка 482-други градежни објекти.

Средствата за кофинансирање ќе бидат префрлени на посебна наменска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на одјавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2095/1
15.11.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 21-б од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16), член 23 од Законот за финансирање на Единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15) и член 38 став 1 точка 43, а во врска со точка 4 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.25/06 и 8/10), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.11 2017 година, донесе:

## ОДЛУКА
## за одобрување на План на програми за развој на општина Гевгелија за 2018 година

### Член 1

Со оваа Одлука се одобрува Планот на програми за развој на општина Гевгелија за 2018 година со развојните потпрограми.

### Член 2

Планот од член 1 на оваа Одлука се состои од следните програми и развојни потпрограми:

1. Програма ЕА - КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА, која се состои од следните развојни потпрограми:
   1.1. Градски плоштад (ЕАА);
   1.2. Градско пазариште (ЕАБ).
   1.3. Нова детска градинка (ЕА);
   1.4. Надградба на западното крило на СОУ Јосиф Јосифовски Гевгелија (ЕА);
   1.5. Мултимедијален културен центар – Гевгелија (ЕА);
   1.6. Стационар за бездомни животни – кучиња (ЕА).

2. Програма ФА - УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ – КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ, која се состои од следните развојни потпрограми:
   2.1. Регулација на коритото на Сува Река (ФАА);
   2.2. Регулација на дел од коритото на Мрзенска (Серменинска) Река (ФАБ);
   2.3. Регулација на одводниот канал "Рауљ" (ФАЦ);
   2.4. Примарна и секундарна сообраќајна мрежа за Мултинаменски комплекс МИЛЦИ-Гевгелија" (ФАГ).
   2.5. Гасификација на Општина Гевгелија (ФА).

3. Програма ЈД - ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ, која се состои од следните развојни потпрограми:
   3.1. Пат од мостот на Сува Река до граница со Република Грција (ЈДБ);
   3.2. Заобиколен пат околу Гевгелија -Западен и Јужен Булевар (ЈДЦ);
   3.3. Реконструкција (изградба) на општинскиот пат Негорци-Серменин (ЈДЈ);
   3.4. Довршување на општинскиот пат Н.Конско-Ума (ЈДМ);
   3.5. Продолжување на Булевар Гевгелија (Изградба на ул.„Свети Климент Охридски") во Гевгелија (ЈДР).

4. Програма ЈЕ - ИЗГРАДБА НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ, која се состои од следните развојни потпрограми:
   4.1. Катна гаража, уредени постоечки паркинг простори и нови паркиралишта за граѓанит (ЈЕ).

5. Програма ЈГ - ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ, која се состои од следните развојни потпрограми:
   5.1. Реконструкција на водоводната мрежа во Гевгелија (замена на азбестните цевки) (ЈГД);
   5.2. Реконструкција на водоводната мрежа во населените места (замена на азбестните цевки) (ЈГЕ);
   5.3. Изградба на систем за дополнително водоснабдување на Гевгелија (ЈГИ).

6. Програма ЈИ - ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ, која се состои од следните развојни потпрограми:
   6.1. Атмосферска канализациона мрежа (ЈИ);
   6.2. Довршување на главниот колектор за отпадни води на фекалната канализација-Гевгелија (ЈИК);
   6.3. Пречистителна станица за отпадни води од с.Негорци, Негорски бањи, с.Прдејци и индустриски зони “Блокотехна” и “Прдејци” (ЈИЛ);
   6.4. Пречистителна станица за фекална канализација Гевгелија (ЈИН).

7. Програма ЈМ - ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО - КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ, која се состои од следните развојни потпрограми:
   7.1. Нов градски парк (ЈМ).

8. Програма ЛА - СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА - КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ И, која се состои од следните развојни потпрограми:
   8.1. Спортско-рекреативен комплекс со базен (ЛА).

**Член 3**

Составен дел на оваа Одлука е Планот на програми за развој на општина Гевгелија за 2018 година со развојните потпрограми.

Планот на програми за развој е составен дел на Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Гевгелија”.

Бр.09-2096/1
15.11.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13 и 41/14 год.), и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 15.11.2017 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**За недавање согласност на извештајот за финансиското работење на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот 01.01.2017г. – 30.06.2017г.**

1. **Не се дава согласност** на Извештајот за финансиското работење на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот 01.01.2017-30.06.2017 година, усвоен од

Управниот одбор на ова Јавно претпријатие со Одлука бр.02-1261/2 од 07.09.2017 година.
2. Решението да се достави до ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија.
3 Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2097/1
15.11.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13 и 41/14 год.), и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 15.11.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За недавање согласност на извештајот за финансиското работење на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот 01.01.2017г. – 30.09.2017г.**

1. **Не се дава согласност** на Извештајот за финансиското работење на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот 01.01.2017-30.09.2017 година, усвоен од Управниот одбор на ова Јавно претпријатие со Одлука бр.02-1491/2 од 06.11.2017 година.
2. Решението да се достави до ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија.
3 Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2098/1
15.11.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа *на член 14 од Законот за локална самоуправа* („Службен весник на РМ" бр.05/02 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија бр.25/06 и 08/10 год), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.11.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За учество во реализација на проектот „Одржливо управување со водните ресурси во прекуграничниот регион"со акроним „Аква-М II", аплициран при Првиот повик за предлог проекти од INTERREG/IPA програмата за прекугранична соработка Р. Грција – Р. Македонија 2014 – 2020.**

**Член 1**

Се одобрува учество во проект по приоритетна оска 2. Заштита на животната средина2.3.Одржливо управување со заштитените подрачја, екосистеми и биолошка разновидностсо наслов „**Одржливо управување со водните ресурси во прекуграничниот регион**" соакроним „ **Аква-М II**".

Оригиналниот наслов на проектот е: "**Sustainable management of cross-border water resources**" со акроним: **AQUA-M II**.

**Член 2**

Вкупниот буџет на проектот изнесува 1.437.329,87 евра, додека буџетот на општина Гевгелија, која е водечки партнер, изнесува 516.500,00 евра. Од овие средства 85% се финансирани од ИПА фондовите, а останатите 15% се национално ко-финансирање.

**Член 3**

Општина Гевгелија е водечки партнер во проектот, додека партнери во проектот се: Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец" - Гевгелија, Универзитетот "Аристотел" во Солун –сектор за Reacherh фондови на Катедрата за хемија, Општинско претпријатие за водовод и канализација на општина Пеонија и Општинско претпријатие за водовод и канализација на општина Халкидона.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2099/1
15.11.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 88 од Законот за средното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13 год.) и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.11.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување членови во Училишниот одбор на Средното општинско училиште"Јосиф Јосифовски" – Гевгелија, како претставници на општината**

1.Во Училишниот одбор на Средното општинско училиште "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија се разрешуваат три члена како претставници на општината, поради истек на четиригодишниот мандат, и тоа:
-Александра Трајкова од Гевгелија, со завршен Економски факултет,
-Васка Андреева од Гевгелија, Филолошки факултет
-Лепа Динова од Гевгелија, Филолошки факултет

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2100/1
15.11.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 88 од Законот за средното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 49/07,81/08,92/08,33/10,116/10,156/10.18/11,42/11,51/11,6/12,100/12 и 24/13 год.) и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.),Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 24.10.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување членови во Училишниот одбор**
**на Средното општинско училиште"Јосиф Јосифовски"-Гевгелија,**
**како претставници на општината**

1. Во Училишниот одбор на Средното општинско училиште "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија се именуваат три члена како преставници на општината, и тоа:
- Елена Колев, со ВСС-архитектонски факултет, од Гевгелија,
- Илија Лазаров, со ССС, од Прдејци,
- Тана Кавазова, со ВСС-Правен факултет, од Гевгелија

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2101/1
15.11.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.05/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 5 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.10, 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.11.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување членови на Училишен одбор**
**на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија**

1.Се разрешуваат лицата:
-Душко Кованцалиев од Гевгелија (со завршен Природно-математички факултет во Скопје), и
-Никола Аризанов од Гевгелија (со завршен Правен факултет во Скопје), на функцијата членови на училишниот одбор на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија.

2. Да се достави по еден примерок од ова Решение до разрешените членови и до ООУ "Владо Кантарџиев" – Гевгелија.
3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2102/1
15.11.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.05/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 5 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.10, 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.11.2017 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## За именување членови на Училишен одбор на ООУ "Владо Кантарџиев"- Гевгелија

1.Се именуваат лицата:
-Василка Камчева, со ССС, од Гевгелија, и
-Тања Попова, со ВСС-Правен факултет, од Гевгелија,
на функцијата членови на училишниот одбор на ООУ "Владо Кантарџиев" - Гевгелија.
2. Да се достави по еден примерок од ова Решение до именуваните членови и до ООУ "Владо Кантарџиев" - Гевгелија.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2103/1
15.11.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.11.2017 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## За разрешување членови на Училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков"- Гевгелија

1.Се разрешуваат лицата:
-Катерина Каркалашеваод Гевгелија (со завршен Факултет за туризам и угостителство во Охрид), и
-Емилија Божинова од Гевгелија (со завршен Правен факултет во Скопје), од функцијата членови на училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија.
2.Да се достави по еден примерок од ова Решение до разрешените членови и до ООУ "Крсте Мисирков" – Гевгелија.
3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2104/1
15.11.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Ташко Дојчинов с.р.*

---

Врз основа на член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.11.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување членови на Училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков"- Гевгелија**

1.Се именуваат лицата:
-Благоја Пакетов, со ССС, од Гевгелија, и
-Борис Миленковски, со ВСС-дипл.менаџер по туризам, од Гевгелија, на функцијата членови на училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија.
2.Да се достави по еден примерок од ова Решение до именуваните членови и до ООУ "Крсте Мисирков" – Гевгелија.
3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2105/1
15.11.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Ташко Дојчинов с.р.*

---

Врз основа на член 65 став 1 од Статутот на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.11.2017г., донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување членови на Училишниот одбор на ООУ "Ристо Шуклев"- Негорци**

1.Се разрешуваат лицата:
-Златко Митров од Негорци (со завршен Шумарски факултет во Скопје), и
-Насо Илиев (со завршен Земјоделски факултет во Скопје), од функцијата членови на училишниот одбор на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци.

2. Да се достави по еден примерок од ова Решение до разрешените членови и до ООУ "Ристо Шуклев" - Негорци .
3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2106/1
15.11.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Ташко Дојчинов с.р.*

---

Врз основа на член 65 став 1 од Статутот на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.11.2017г., донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување членови на Училишниот одбор**
**на ООУ "Ристо Шуклев"- Негорци**

1. Се именуваат лицата:
-Никола Миовски, со ССС, од Негорци, и
- Катица Мицева, со ВСС-факултет за туризам, од Негорци,
на функцијата членови на училишниот одбор на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци.

2. Да се достави по еден примерок од ова Решение до именуваните членови и до ООУ "Ристо Шуклев" - Негорци .
3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2107/1
15.11.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.11.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување членови на училишниот одбор**
**на ООУ "Климент Охридски"- Миравци**

1.Се разрешуваат лицата:
- Кристина Томова од Миравци (дипломиран информатичар), и
-*Зоран Спасов од Миравци (ССС-електричар)*, од функцијата
членови на Училишниот одбор на ООУ "Климент Охридски"-Миравци.

2. Да се достави по еден примерок од ова Решение до разрешените членови и до ООУ "Климент Охридски" - Миравци.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2108/1
15.11.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.11.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување членови на училишниот одбор**
**на ООУ "Климент Охридски"- Миравци**

1. Се именуваат лицата:
- Илија Николовски, со ССС-електротехничар, од Миравци, и
-Стојна Аевска, со ССС, од Миравци, на функцијата членови на училишниот одбор на ООУ "Климент Охридски"-Гевгелија.

2. Да се достави по еден примерок од ова Решение до именуваните членови и до ООУ "Климент Охридски" – Миравци.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2109/1
15.11.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 одЗаконот за локалната самоуправа ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.05/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 5 одЗаконот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.10, 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.11.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување два члена во Училишниот одбор на**
**ООМУ "Васо Карајанов" Гевгелија**

1.Се разрешуваат лицата:
- Александра Дагалева од Гевгелија, и
- Сава Чурлинова од Гевгелија,
од функција членови на училишниот одбор на ООМУ "Васо Карајанов" -Гевгелија.
2. Да се достави по еден примерок од ова Решение до разрешените членови и до ООМУ "Васо Карајанов"Гевгелија.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во"Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2110/1
15.11.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 одЗаконот за локалната самоуправа ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.05/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 5 одЗаконот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.10, 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"

бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.11.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување два члена во Училишниот одбор на ООМУ "Васо Карајанов" Гевгелија**

1.Се именуваат лицата:
-Мите Петров, со ССС-ветеринарен техничар, од Мрзенци, и
-Петра Попова, магистер по економски науки, од Гевгелија,
на функција членови на училишниот одбор на ООМУ "Васо Карајанов -Гевгелија.
2. Да се достави по еден примерок од ова Решение до именуваните членови и до ООМУ "Васо Карајанов" Гевгелија.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во"Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2111/1
15.11.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Ташко Дојчинов с.р.*

---

Врз основа на член 34 и 37од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.31/98,49/03,82/05,24/07,116/10,47/11,51/11,136/12 и 23/13 год.) и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.11.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување членови во Управниот одбор на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија**

1.Во Управниот одбор на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија се разрешуваат, поради истек на четиригодишниот мандат, и тоа:
Три члена претставници на општината и тоа:
-*Доне Ристовски од Гевгелија*,Факултет за физичко образование
-Александар Јанев од Гевгелија
-Зуица Караколева од Гевгелија,Правен факултет.

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2112/1
15.11.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Ташко Дојчинов с.р.*

---

Врз основа на член 34 и 37од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.31/98,49/03,82/05,24/07,116/10,47/11,51/11,136/12 и 23/13 год.) и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"

бр.25/06год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.11.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување членови во Управниот одбор на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија**

1.Во Управниот одбор на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија се именуваат:
Три члена преставници на општината и тоа:
- Нена Енџекчева-Ампова, со ВСС-Правен факултет, од Гевгелија,
- Атанас Ичев, со ВСС-Биотехнолошки факултет, од Гевгелија,
- Танка Атанасова, со ВСС-Бизнис и логистика, од Гевгелија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2113/1
15.11.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 34 и 37од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.31/98,49/03,82/05,24/07,116/10,47/11,51/11,136/12 и 23/13 год.) и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.11.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на членови во Управниот одбор на ЈОУ Домот на култура "Македонија"-Гевгелија**

